Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-1439/1
22.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, член 163 став 1, точка 10 од Законот за супервизија на осигурувањето, член 2 точка 12 и член 3 точка 12 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и член 32 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Управниот одбор на Друштвото на својата 7ма редовна седница на 22.02.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за воведување нов производ „Глобал Инвест 2“, усвојување Услови за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Глобал Инвест 2 (WLWB2-1/2024) и усвојување Технички план на производот**

**Член 1**

Се усвојува Одлуката на Управниот одбор на Друштвото за воведување на производот „Глобал Инвест 2“ како нов производ на животно осигурување.

**Член 2**

Се усвојуваат Услови за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Глобал Инвест 2 (WLWB2-1/2024).

**Член 3**

Се усвојува Технички план на производот од став 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Производот од став 1 на оваа Одлука претставува осигурување на живот од класа 21 – Осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови, поврзано со повеќе инвестициски фондови со повеќекратно плаќање на премија.

**Член 5**

Техничкиот план на производот од член 1 на оваа Одлука и Условите за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Глобал Инвест 2 (WLWB2-1/2024) се составен дел на оваа Одлука.

**Член 6**

Техничкиот план на производот од член 1 и Условите за животно осигурување од член 2 на оваа Одлука, заедно со оваа Одлука, ќе бидат доставени до Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 7**

Оваа Одлука ќе се достави до Осигурително Брокерско Друштво Винерс Груп АД Скопје.

**Член 8**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето, а новиот производ „Глобал Инвест 2" вклучително и Условите за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Глобал Инвест 2 (WLWB2-1/2024), како и Техничкиот план на производот, ќе се применуваат од 01.04.2024 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Друштвото одлучи да воведе нов производ „Глобал Инвест 2" кој претставува осигурување на живот во врска со повеќе инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија. Воведувањето на овој производ е со цел да се понуди нов производ на клиентот Осигурително Брокерско Друштво Винерс Груп АД Скопје, согласно неговите потреби.

Согласно членот 163 на Законот за супервизија на осигурување Друштвото за осигурување е должно во случај на воведување нов производ за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување, најдоцна во рок од 5 работни дена од усвојувањето на Одлуката, а согласно одредбите на *Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување,* Друштвото е должно заедно со Одлуката, до Агенцијата да ги достави и условите на осигурување и техничките основи кои се користени за нивно утврдување. Во таа насока, а во согласност со своите законски и статутарни овластувања, Управниот одбор на Друштвото одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп Скопје**
Претседател на управен одбор

_______________________
Дарко Дедиќ

Член на управен одбор

_______________________
Елена Јакимовска Петровска

Член на управен одбор

_______________________
Милан Антовски